Друштво за ревизија
ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДОО
Прилеп
ул. „Драган Димески“ бр. 19
7500, П р и л е п
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
мобилен: 070 208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

## ДО
## МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
## БИТОЛА

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Младински културен центар - Битола, коишто ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 Декември 2013 година, како и извештајот за приходите и расходите и извештајот за паричните текови за годината која завршува на цитираниот датум и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информаации.

*Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи*

Менаџментот на Младински културен центар - Битола е одговорен за подготвувањето и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденување во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевнатна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Младински културен центар - Битола за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на субјектот на ревизијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.